25236

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
Isečak iz lista
Newspaper cutting
-7. JUNI 1979 4956, 14,

УТРЕ ВО СТАР ДОЈРАН ПОЧНУВААТ

# ТРЕТИТЕ „ДОЈРАНСКИ РАКУВАЊА"

Утре во Стар Дојран ќе биде отворена културната манифестација „Дојрански ракувања", која годинава се одржува по третпат. Манифестацијата ќе започне со седница на Советот на „Дојрански ракувања", а потоа во хотелот „Полин" ќе биде отворена хортикуларна изложба и изложбата „Цвеќето во делата на македонските сликари" на која вовoден збор ќе даде директорот на Музејот на современата уметност од Скопје, Соња Абаџиева — Димитрова.

Посебен белег на годинашнава манифестација „Дојрански ракувања" ѝ дава претставувањето за првпат пред пошироката јавност на македонскиот поет Лазар Поп Трајков, за чие дело и живот утревечер во рамките на програмата ќе говори академикот Блаже Конески. По речта на Блаже Конески артистот Димче Мешковски ќе ја говори познатата поема на Лазар Поп Трајков, „Локвата и вињари".

Задутре манифестацијата продолжува со симпозиумот „Литературното и историско - публицистичкото дело на Ѓорѓи Абаџиев", а ќе бидат одржани и повеќе литературни читања во работни колективи. Вечерта, според програмата, КУД „Јосиф Јосифовски" од Гевгелија ќе одржи концерт, а ќе настапи и Народниот театар од Куманово со драматизацијата на романот на Ѓорѓи Абаџиев, „Пустина".

Во недела, на 10 јуни, ќе биде одржан променаден концерт на културно-уметничките друштва од Богданци, Струмица, Гевгелија и Валандово, литературни читања во граничните караули, а ќе биде отворена заедничка изложба на сликарите од Гевгелиско.

Манифестацијата „Дојрански ракувања" ќе заврши со рециталот „Нашата Револуција", што се одржува во чест на 60-годишнината на КПЈ-СКЈ, во кој учествуваат Академскиот хор на АКУД „Мирче Ацев", диригентите Александар Лековски и Томислав Шопов, Ѓорѓи Боживков, Мајда Тушар, Диме Поповски, Мите Грозданов, Емил Рубен, Мехди Бајрактари и Фидауз Неби.

Е. Т.